Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-125
22-01 2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје
Бр. 08-236/1
16-01-2018
Скопје

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги - Оглас 16/2017

Склучен на ден ____________година помеѓу:
1_ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје со седиште на адреса: Водњанска 17, претставувано од В.Д. Директор: Д-р. Иван Барбов, (во понатамошниот текст: ДОГОВОРЕН ОРГАН ) и
2.Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса: Филип Втори Македонски бр3, Скопје, претставувано од Ренато Дивјак Директор за деловна продажба (во понатамошниот текст: НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обрски помеѓу ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје од една страна како Договорен орган иДруштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот орган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од понудувачот (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број**16/2017** објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуказа избор на најповолен понудувач **0507-2099/6 од 27.12.2017** година, донесена од Одговорното лице на Договорниот орган.

Член 2

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги дефинирани од договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилозите на овој договор.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.

Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената,

Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган,

На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Целта на овој Договор е набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилог на овој договор.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА